# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „КУЛТУРА НА ИЗРАЗУВАЊЕ И КОМУНИКАЦИЈА ВО ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО“ ОД ДОЦ. Д-Р МИМОЗА СЕРАФИМОВА И ДОЦ. Д-Р СУЗАНА ЏАМТОСКА-ЗДРАВКОВСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” - ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.2602-875/5 од 116. редовна седница на Наставно -научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 4.7. 2014 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– доц. д-р Александра Жежова, Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев”- Штип;
– доц. д-р Андон Мајхошев, Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев”- Штип,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„КУЛТУРА НА ИЗРАЗУВАЊЕ И КОМУНИКАЦИЈА ВО ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО“** од **доц. д-р Мимоза Серафимова и доц. д-р Сузана Џамтоска - Здравковска,** наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Скриптата **„КУЛТУРА НА ИЗРАЗУВАЊЕ И КОМУНИКАЦИЈА ВО ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО**” ќе се користи како наставно средство по предметот Култура на изразување и комуникација, од прв семестар во прва студиска година, со неделен фонд на часови 2+1+1**.** Предложениот ракопис е во согласност со Наставната програма предвидена за овој предмет во прва година на Факултетот за туризам и бизнис логистика – Штип, за студиските насоки: Туризам, Бизнис администрација и Бизнис логистика. Тоа значи дека предложениот ракопис ја опфаќа Наставната програма по наведениот предмет.

Ракописот опфаќа 151 страница, А4 формат. Обемот по содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

Скриптата „Култура на изразување и комуникација во претприемништвото“ претставува прво издание од ваков тип на авторите доц. д-р Мимоза Серафимова и доц. д-р Сузана Џамтоска-Здравковска.

Скрипта од оваа област со сличен или ист наслов не постои. Овој ракопис претставува новитет во научната област и како таков ги задоволува барањата на наставната материја.

***Краток опис на содржината***

Трудот е систематски и логички подреден, напишан со јасен и разбирлив јазик. Ракописот методолошки е структуриран во три дела со вкупно осум глави кои меѓу себе се надополнуваат, а во секоја од нив се разработени основните поставки, потребата и значењето на културата на изразувањето и комуникација во работата на менаџерот – претприемач.

Секоја глава започнува со кратко информативно појаснување за точките кои ја обработуваат главната тема понудена како глава. На крајот на ракописот, соодветно се нотирани библиографските единици кои се цитирани во текстот, а се однесуваат на монографски единици, периодични списанија, статии, извештаи и интернет страници.

Оттука, трудот се состои од осум глави кои ги покриваат најзначајните теми кои вообичаено се сретнуваат во литературата од оваа област.

Првиот дел, насловен како *Култура, јазик, изразување и комуникација* е составен од две глави. Првата глава ги содржи најелементарните поими кои се однесуваат на запознавање со поимот култура и јазик, а втората ги објаснува поврзаноста и условеноста на културата на говорење и изразувањето како аспекти на комуникациските компетенции.

Вториот дел, *Претприемнички менаџмент и комуникација,* е составен од три глави. Третата глава го појаснува значењето на комуникациските компетенции за претприемништвото и претприемачот, односно нивното влијание за внатрешните и надворешните актери за организациите. Начинот на успешното менаџирање на комуникацискиот процес е опфатен во четвртата глава, а петтата глава зборува за значењето на количината податоци и изборот на комуникациски техники за ефективноста на комуникацискиот процес.

Третиот дел, *Комуникација за кооперативност, согласување и убедување*, исто така, е составен од три глави. Шестата глава е во целост посветена на значењето на индивидуалните комуникациски компетенции на менаџерите, додека седмата глава е посветена на конфликтите и начинот на нивното менаџирање. Состаноците и преговорите како составен дел од работата на менаџерот-претприемач, како и процедурата за нивно менаџирање е анализирано во осмата глава.

Теоретскиот осврт во секоја глава е поддржан од разработени практични примери од познати компании и докажани менаџери - претприемачи.

## ЗАКЛУЧОК

Трудот претставува научен материјал со висок квалитет кој може да го користат студентите и сите кои работат на проблематика која е блиска со претприемништвото, односно со ефективноста на комуникацискиот процес. Скриптата претставува, според содржината и начинот на разработката, приказ на оригинално разработени теоретски аспекти и примери за начини за реализирање ефективен комуникациски процес, како и понудени практики од докажани компании и менаџери претприемачи, со чија примена се овозможува постигнување на поголема ефикасност и ефективност и нудење на решенија за прашања со кои се сретнуваат идните менаџери кои своите стручни компетенции ги усовршуваат токму на студиските насоки на Факултетот за туризам и бизнис логистика.

Научната и практичната цел на авторите на овој труд била да проблематиката на ефективноста на комуникацискиот процес на систематичен начин да ја приближи до студентите, што е и главна цел на ова наставно средство. Посебна вредност на оваа теоретска и практична разработка на културата на изразување и комуникацијата како потреба на секој успешен менаџер е методичноста, доследноста и систематичноста на авторите во разгледување на различните аспекти на успешниот комуникациски менаџмент.

Трудот на авторите **доц. д-р Мимоза Серафимова** и **доц. д-р Сузана Џамтоска-Здравковска** има исклучителна вредност затоа што ќе им овозможи на студентите од Факултетот за туризам и бизнис логистика да ги совладаат основните тематски целини кои се однесуваат на културата на изразување и комуникацијата, особено во поглед на современиот претприемнштво, кое во услови на општествени промени треба и мора брзо да се менува и приспособува, со што ќе стекнат и основни сознанија за оваа мошне значајна и исклучителна област. Текстот на скриптата е стручно и стилски изедначен и едноставен за читање. Со прецизно и логичко изразување, со изразен методолошки пристап, авторите опфатиле и прикажале голем број прашања кои се релевантни за оваа широка и силно издиференцирана област на истражување.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доц. д-р Александра Жежова, с.р.**
**Доц. д-р Андон Мајхошев, с.р.**